


СЕРТИФИКАЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

# CERTIFICATION IN PROJECT MANAGEMENT

## ОПИС НА ПРОГРАМАТА

Обуката опфаќа интеграција на двата познати концепти за управување со проекти, секвенцијално и агилно. Концептот на секвенцијално управување со проекти ќе биде разработен во првиот дел од курсот, кој е прифатен и лесно прилагоден во процесите кои комуницираат помеѓу организационите единици во компанијата. Во продолжение, курсот ќе го обработи агилниот концепт на управување со проекти каде студентите ќе се запознаат со терминологијата и техниките кои се користат при овој концепт. Интеграцијата на овие два концепти ќе се обработува преку воведување на ново, флексибилно управување со проекти, подобра примена во пракса и повисоко ниво на управување во зависност од типот на подобра примена во пракса и повисоко ниво на управување во зависност од типот на проектот. Основната цел на обуката е да обезбеди подобро разбирање за двата концепти за управување со проекти, подобра примена во пракса и повисоко ниво на управување во зависност од типот на проектот. Обуката е предвидено да се спроведе во две нивоа. Во рамките на првото ниво ќе бидат опфатени секвенцијалното и агилното управување со проекти, презентирани на теоретски начин и основна примена. Во рамките на второто ниво на обуката ќе бидат опфатени техники за управување со проекти и воведување на нови ефикасни контролни точки корисни за раководителот на проектот и адекватни алатки. Обуката покрај теоретскиот дел содржи практични вежби кои ќе се дискутираат и групно ќе се оценуваат. Обуката ќе ја спроведат лица со богато искуство како раководители на проекти кои поседуваат меѓународни сертификати. Учесниците на оваа обука ќе имаат можност за работа во групи , каде ќе ги делат своите искуства, покажувајќи лична вештина и креативност за избор на соодветни решенија на различни ситуации од праксата. По завршување на секое ниво, ќе се спроведе тестирање во форма на практично управување на проект поврзано со темите опфатени со соодветното ниво на курсот.

**ЦЕЛНА ГРУПА:** вработени лица со работно искуство, кои се назначени како раководители на проекти или членови на тимови, како и студенти кои се подготвуваат или имаат интерес за работа на проекти.

## ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА, УЧЕСНИЦИТЕ ЌЕ БИДАТ СПОСОБНИ ЗА:

- Идентификација на циклусот на управување со проекти интегрирајќи ги принципите, секвенцијалност и агилност,
- Практична примена на техниките за управување со проекти,
- Адекватно користење на алатки за управување со проекти,
- Изработка на потребната документација на проектот,
- Соодветна селекција на ресурси преку процена на лични вештини за секоја улога во проектот,
- Примена на напредни техники и алатки за управување со проектот,
- Самостојност при извршување на улогата раководител на проекти.

## ПРЕДАВАЧИ:

Д-р Снежана Черепналковска Дуковска
Виолета Велевска

Вкупен број на часови: **66**
Настава: **ONLINE платформа за настава во живо на ZOOM.US**
Динамика на обуката:
**Level 1** & **2:** два пати неделно

## СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

### Level 1 | Certified Project Manager (WF&AG)

| | CPjM 1 - Агилно управување со проекти,<br>Напредно управување со проекти и адекватна селекција на ресурси, Level 1 |
|---|---|
| | опис на час |
| 1 | **Агилно управување со проекти**<br>– Концепти на агилно управување / Agile manifesto<br>– Осврт на агилни методологии, предности, мани и прифатеност по индустрии<br>– Вовед во SCRUM, теорија и принципи<br>– Артефакти, улоги и церемонии<br>– Дефиниција на готово (Definition of done) и Спринт (Итерација)<br>– Водење на проект по Scrum рамка<br>– Алатки за агилно управување со проекти<br>– Метрики и Scaled Scrum |
| 2 | **Селекција на ресурси ангажирани во проектот**<br>- Примена на познати методи за селекција на човечки ресурси<br>- Одредување на профили на членови во тим на проектот<br>- Анализа на соодветната селекција на ресурсите во проектот |
| 3 | **Примена на алатки за управување со проектот** |
| 4 | **Самостојна изработка на документацијата за управување со проекти** |
| 5 | **Напредна примена на агилно управување со проекти**<br>- Практични примери за примена на агилно управување со проекти |

### Level 2 | Certified Project Manager (WF&AG)

| | CPjM 2 - Секвенцијално управување со проекти,<br>Напредно управување со проекти и адекватна селекција на ресурси, Level 2 |
|---|---|
| | опис на час |
| 1 | **1. Секвенцијално управување со проекти**<br>- Организациски модели<br>- Истражување на предметот<br>- Одобрување на проект<br>- Барање за почеток на проектот<br>- Проектен план, известување, проверки<br>- Затворање на проектот |
| 2 | **Селекција на ресурси ангажирани во проектот**<br>- Примена на познати методи за селекција на човечки ресурси<br>- Одредување на профили на членови во тим на проектот<br>- Анализа на соодветната селекција на ресурсите во проектот |
| 3 | **Примена на алатки за управување со проектот** |
| 4 | **Самостојна изработка на документацијата за управување со проекти** |
| 5 | **Напредна примена на секвенцијално и агилно управување со проекти**<br>- Практични примери за примена на агилно и секвенцијално управување со проекти |

EBTN EUROPEAN BANKING & FINANCIAL SERVICES TRAINING ASSOCIATION Aisbl
ABIT ACADEMY OF BANKING AND INFORMATION TECHNOLOGY SKOPJE
Institute for Business & Management HEIDELBERG Skopje